РАЗМЕНА НА СЛИКИ ОД ЈУГОСЛОВЕНСКИ ЗА МАКЕДОНСКИ АВТОРИ

# Трампа на уметнички дела на наша штета

## Не можеме туку-така да менуваме дела што се дел од нашето богатство со приватен сопственик - нечиј посредник, хохштаплер, смета Теодосиевски

**ВЕСНА ИВАНОВСКА**

Уметничката галерија "Скопје" направи размена на осум уметнички дела од југословенски автори, кои беа дел од поставката на Галеријата. Делата од Надежда Петровиќ, Петар Добровиќ, Милан Миловановиќ, Марко Челебоновиќ, Мило Милуновиќ и Иван Табаковиќ се разменети со приватни колекционери од Југославија, за четири слики од Лазар Личеноски, две од Никола Мартиновски, една од Вангел Наумовски и една скулптура од Димо Тодоровски. Според Златко Теодосиевски, историчар на уметноста од Уметничката галерија, размената на делата е во пропорција три спрема еден на наша штета, зашто најдобрите дела од Мартиновски и Личеноски ги има во Националната поставка.

- Идејата за размена на уметнички дела ја дадов одамна, но спорна е размената: со кого нашата институција прави размена. Делата што се дадени се од претставници на современото сликарство и секој во Европа би сакал да ги поседува. Требаше да бидам член на комисијата за размена, но одбив. Не сакам да учествувам во такви работи на тој начин. Менуваме слики што се дел од националното богатство за слики од Мартиновски. Во нашата колекција имаме барем десет подобри дела на Мартиновски од тие што ги добивме. Во поставката треба да ги имаме нашите уметници, но сепак делата треба да се проценуваат. Размена се прави на поинаков начин. Не можеме туку-така да менуваме дела што се дел од нашето богатство со приватен сопственик - нечиј посредник, хохштаплер - рече Златко Теодосиевски, историчар на уметноста.

Владимир Величковски, професор по историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет, вели: "Во повоените години, со откуп беше создадена колекцијата на југословенска уметност, која сега се наоѓа во Уметничката галерија и не смее една национална институција да прави размена со приватни лица".

- Сликите што се дадени во размената се драгоцени колекции од југословенски автори, кои долги години беа грижливо купувани и чувани. Треба да се создадат услови и да се изложат во постојана поставка. Колекцијата е многу вредна и требало да остане целосна, да се сочува. Се прибегнало кон размена во време на криза. Во моментов нема пари за да се откупат делата и да се пополни постојаната колекција. Но решението не е добро. Тоа се вредни југословенски автори. Во Белград се изложени платна од истите уметници, но многу помали и помалку вредни. Не е во ред да се прави размена на националното богатство со приватни лица - рече Величковски.



Делата на македонските автори во Националната галерија („Дервиш со бела брада“ од Никола Мартиноски)

Според Викторија Васева-Димеска, директорка на Уметничката галерија, "авторите чии дела се разменети, не се најзначајни.

- Делата што ги донесовме се "бисери" и ќе влезат директно во Националната поставка. Имавме три слики од Надежда Петровиќ, а таа што ја дадовме не е од прва категорија. За тоа решаваше стручната комисија. Дадовме мали дела во споредба со тие што ги добивме, меѓу кои се ремекделото "Бачило" од Личеноски и четири брилијантни слики од Мартиновски. Направивме размена со повеќе приватни колекционери, зашто делата на приватниците се продаваат брзо и не сакавме да ја пропуштиме поволната состојба. Ќе правиме размени на дела и со институции од сите држави од поранешна Југославија - рече Васева-Димеска.